РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено / Pranuar | 14-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 2772/1 | | |

**До: Министерство за финансии**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ О...**

...; 070/778-037;

...@gmail.com

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„Колку члена моментално брои кабинетот на министерот за финансии, кои се тие и која е нивната титула и позиција, како и нивните работни задачи и обврски? Кои се кабинетските службеници и државните и посебните советници на министерот? Дали има ангажирано надворешни советници, и ако е така - кои се тие и колку изнесува нивниот хонорар?"

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

– Сектор за правни работи –

Архивски број: 03-2772/3
Датум: 01-04-2022

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

СЕ ОДОБРУВА барањето број 03-2772/1 од 14.03.2022 година, поднесено од страна на барателот за пристап до информација од јавен карактер „Колку члена моментално брои кабинетот на министерот за финансии, кои се тие и која е нивната титула и позиција, како и нивните работни задачи и обврски? Кои се кабинетските службеници и државните и посебните советници на министерот? Дали има ангажирано надворешни советници, и ако е така - кои се тие и колку изнесува нивниот хонорар?".

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.03.2022 година барателот до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информација „Колку члена моментално брои кабинетот на министерот за финансии, кои се тие и која е нивната титула и позиција, како и нивните работни задачи и обврски? Кои се кабинетските службеници и државните и посебните советници на министерот? Дали има ангажирано надворешни советници, и ако е така - кои се тие и колку изнесува нивниот хонорар?".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено во Министерството за финансии распоредени се тројца кабинетски службеници и тоа: Наташа Николова Марковска, Билјана Бутлевска и Даут Хајрулахи, како и еден посебен советник на министерот за финансии Александра Наќева Ружин.

Статусот на кабинетските службеници е утврден во Законот за административни службеници во кој е наведено дека бројот на посебни работни места на кабинетски службеници е три работни места во кабинетот на министрите кои водат министерства со над 100 вработени.

– Сектор за правни работи –

Истите, заради специфичните должности и работни задачи имаат обврска на 24-часовна достапност на функционерот во чиј кабинет работат.

Во однос на останатиот дел од барањето, а во согласност со член 21 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, податоците се достапни за јавноста на интернет страницата на Министерството за финансии во делот Односи со јавност/Информации од јавен карактер, на следниот линк: https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b5%d1%80/

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на сектор
Татјана Васева

Изр
Про


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255-623 www.finance.gov.mk